ДЕТСКИ ПРИРАЧНИК ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

# БИДИ СПРЕМНО ДЕТЕ



75 ГОДИНИ

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА

VIENNA INSURANCE GROUP

ЗНАМ КОГА СУМ СИГУРЕН

# ДРАГИ РОДИТЕЛИ!

ОВАА МАЛА СЛИКОВНИЦА Е НАПРАВЕНА ЗА ДА ГО ЗАПОЗНАЕ ВАШЕТО ДЕТЕ СО РИЗИЦИТЕ ОД ВРЕМЕНСКИ НЕПОГОДИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ИЛИ НЕЗГОДИ И ПРИТОА ДА ГО НАУЧИ КАКО СООДВЕТНО ДА СЕ ОДНЕСУВА И ДА РЕАГИРА ВО ТАКВИТЕ СЛУЧАИ.

НАПИШАНА Е НА ЈАЗИК ШТО Е РАЗБИРЛИВ И БЛИЗОК ДО ДЕЦАТА И СОВЕТИТЕ ИМ ГИ ПРЕНЕСУВА НА ВЕДАР И ПРИЕМЧИВ НАЧИН, БЕЗ ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ СТРАВ И НЕСИГУРНОСТ.

ПОД СЕКОЈ СОВЕТ НАПИШАН ВО ВИД НА КРАТКА СТРОФА ШТО СЕ РИМУВА, ИМАМЕ И МАЛА ИНФОРМАЦИЈА ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ КОРИСНА И ЗА ВОЗРАСНИТЕ.

СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ЌЕ УЖИВАТЕ ВО ЧИТАЊЕТО ЗАЕДНО СО ВАШЕТО ДЕТЕ И ЌЕ НАУЧИТЕ НЕШТО КОРИСНО ШТО ЌЕ ВИ ГИ ЗГОЛЕМИ СИГУРНОСТА И БЕЗБЕДНОСТА.

СО ПОЧИТ,

**ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА**

# ЗА ПОЖАРОТ



ЈАС СУМ ОГАНЧЕ И КОГА СУМ
МАЛО СУМ СВЕТЛО И ФИНО, АКО
УМЕЕШ ДА МЕ СКРОТИШ СУМ
ТОПЛО И МИЛНО.



МОЖАМ ДА ТЕ ГРЕАМ И
ЈАДЕЊА ДА ТИ ГОТВАМ,
А ЗА ПРАЗНИЦИ ПО НЕБОТО
ШАРЕНО ДА СКОКАМ.



НО КОГА НЕКОЈ СО МЕНЕ СИ
ИГРА И СЕ СМЕЕ, ПОНЕКОГАШ
СЕ СЛУЧУВА И СОЛЗИ ДА ЛЕЕ.



АКО НЕКОЈ МЕ ЗАБОРАВИ САМО ДОМА ДА СИ
ТЛЕАМ, ИЛИ ВО ШУМА ГУСТА НЕКОГО ДА ГРЕАМ,
РИПНУВАМ БРЗО ОД ЕДНО НА ДРУГО МЕСТО И
ОД ТОА НАСТАНУВА ПОЖАР МНОГУ ЧЕСТО.



ЗАТОА ВНИМАВАЈ, СО МЕНЕ НЕ СЕ ФАЛИ,
ЗАШТО АКО СЕ РАСПЛАМТАМ, СЕКОЈ ЌЕ СЕ ЖАЛИ.



АКО Е МАГЛИВО ДОМА И НЕ МОЖЕШ ДА ДИШЕШ, СИМНИ СЕ ДОЛУ И ЛАЗИ КОН ПРОЗОР ИЛИ ИЗЛЕЗ.



ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ ЗАГИНУВААТ ОД ВДИШУВАЊЕ ЧАД ОТКОЛКУ ОД ПЛАМЕН. ОГНОТ МОЖЕ ДА ГО СОБЕРЕ ЦЕЛИОТ КИСЛОРОД ОД СОБАТА И ДА ЈА ИСПОЛНИ СО ОТРОВЕН ЧАД И ГАСОВИ ДУРИ И ПРЕД ДА СЕ ПРОШИРИ.



АКО ОГАНЧЕ СКОКНЕ ВРЗ ОБЛЕКАТА ТВОЈА
ЗАПАМЕТИ ГИ ОВИЕ ТРИ БРОЈА:

1. ЗАСТАНИ 2. ЛЕГНИ НА ЗЕМЈА 3.ИСТРКАЛАЈ СЕ.



НАЈГОЛЕМ БРОЈ ОД ПОЖАРИТЕ ЗАПОЧНУВААТ ВО КУЈНАТА ПОРАДИ НЕНАДГЛЕДУВАНО ГОТВЕЊЕ.
ИНТЕРЕСНО Е ШТО ПОЧЕСТО СЕ СЛУЧУВААТ НА ЕЛЕКТРИЧНИ ОТКОЛКУ НА ШПОРЕТИ НА ПЛИН.



## ОВИЕ НЕШТА ЗА ИГРА НЕ СЕ,
## ОСТАВИ ИМ ГИ НА ВОЗРАСНИТЕ.



ЕДЕН ОД НАЈЧЕСТИТЕ ПРИЧИНИТЕЛИ ЗА ПОЖАР СЕ ЗАБОРАВЕНИТЕ СВЕЌИ, А РАЗЛИКАТА ВО ПОСЕДУВАЊЕТО АПАРАТ ЗА ЧАД Е ТОА ШТО ШАНСАТА ДА ПРЕЖИВЕЕШ ПОЖАР Е ЗА 50% ПОМАЛА ДОКОЛКУ ГО ИМАШ.

# ЗА ПОПЛАВАТА



ЈАС СУМ ВОДИЧКА СЛАТКА,
ШТО ТИ ГАСАМ ЖЕД, ТЕ ОСВЕЖУВАМ,
ТИ МИЈАМ ЛИЦЕ И РАЦЕ ПО РЕД.



ПОМАГАМ ДА РАСТЕ И ЦВЕТА СÈ ШТО Е
ЖИВО, НО ШТОМ СЕ ЗАБОРАВАМ МАЛКУ,
МОЖЕ ДА СТАНЕ СИВО.



АКО МЕ ОСТАВИШ ДА КАПАМ И ТЕЧАМ,
ЌЕ СЕ ПРОТЕГНАМ НИЗ ЦЕЛИОТ ТВОЈ ДОМ.
А КОГА ОБЛАЦИТЕ СЕ ПОЛНИ И ТЕШКИ, ПО
УЛИЦИ И НИВИ ЗНАМ ДА НАПРАВАМ ЛОМ.



ЈАС СУМ ТИВКА И МИРНА И РАДОСТИ
ЛЕТНИ НОСАМ, НО ПО ПОРОЈНИ
ДОЖДОВИ СÈ ПРЕД СЕБЕ КОСАМ.



АКО ВИДИШ ВОДА ШТО ТЕЧЕ КАЈ ШТО НЕ ТРЕБА,
ЗНАЈ ТОА Е ПОПЛАВА ШТО НИКОГО НЕ ЧЕКА.



КОГА ИМА ВОДА И КАБЛИ ВО БЛИЗИНА,
НЕМОЈ ДА ЗАБОРАВИШ ДЕКА МОРА ДА СТОИШ НАСТРАНА.



ЕЛЕКТРИЧНИТЕ АПАРАТИ ПОДОБРО Е ДА НЕ СЕ ПОСТАВЕНИ НИСКО ДО ПОДОТ, НО ДОКОЛКУ ИМАМЕ ТАКВИ, А СЕ СЛУЧУВА ПОПЛАВА, ВАЖНО Е ДА ГИ ИСКЛУЧИМЕ ОД СТРУЈА.



КОГА ЌЕ СИ ИЗМИЕШ РАЦЕ, ЗАБИ ИЛИ ЛИЦЕ ,
НЕ ЗАБОРАВАЈ ЈА ЧЕШМАТА ДА КАПЕ И ТЕЧЕ.



ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СТАНОТ ОД ПОПЛАВА Е
ЕДНОСТАВНА РАБОТА, КОЈА СЕПАК ПРАВИ ГОЛЕМА РАЗЛИКА.



АКО ВИДИШ ВОДА, ДОЛУ НА ПОД КАКО ОД МОРЕ,
ВЕДНАШ НАЈДИ НАЧИН ДА СЕ КАЧИШ НЕКАДЕ ПОГОРЕ



НАЈВАЖНОТО ШТО ТРЕБА ДА СЕ ЗНАЕ ЗА ПОПЛАВИТЕ Е ДА СЕ ДРЖИМЕ ПОДАЛЕКУ ОД ВОДАТА. КОЛКУ ПОВИСОКО ТОЛКУ ПОДОБРО И СО НАС ДА ГО ПОНЕСЕМЕ САМО ОНА НЕОПХОДНОТО КАКО ЧИСТА ВОДА, ХРАНА, СРЕДСТВО ЗА КОМУНИКАЦИЈА, ЛЕКОВИ...



АКО ПАК ВОДАТА СЕ ДВИЖИ КАКО РЕКА,
НЕ ОБИДУВАЈ СЕ ДА ЗАСТАНЕШ ИЛИ ПО НЕА ДА СЕ ШЕТАШ.



НИКАКО ДА НЕ ВЛЕГУВАМЕ ВО ВОДА КОЈА СЕ ДВИЖИ КОЛКУ И ДА Е ПЛИТКА. ОВА ВАЖИ И КОГА СМЕ ВО АВТОМОБИЛ, КОЈ ТРЕБА ДА ГО НАПУШТИМЕ ДОКОЛКУ ВИДИМЕ ДЕКА ВОДАТА НАДОАЃА..

# ЗА ЛУЃЕТО

ВЕТЕРОТ ГО САКАМЕ
НИ НОСИ ВОЗДУХ ЧИСТ
НО КОГА Е СИЛЕН И БУЧЕН
НЕ Е ВЕЌЕ ИСТ





КОГА СЕ МЕША СИЛЕН ВЕТЕР
СО ЛАДЕН ДОЖД,
А ГРМОТЕВИЦИ СВЕТКААТ
И СЕЧАТ КАКО НОЖ,
НЕ СЕ МИСЛИ МНОГУ, ТОА Е ЛУЃЕ СМЕЛА
СЕКОГАШ Е ЛУТА, ДИВА, НИКОГАШ ВЕСЕЛА

ШТОМ ВОЗДУХОТ ПИШТИ
ТОА Е СИГУРНО ВАЖЕН ЗНАК
ДА СЕ СКРИЕШ НА ТИВКО И МИРНО
ДУР НЕ СЕ ПОЈАВИ СВЕТОЛ ЗРАК





КОГА ЌЕ СЛУШНЕШ ВЕТЕРОТ СИЛНО ДА ФУЧИ,
СКРИЈ СЕ ВО КУЌАТА СО ЦИГЛИ,
НЕМА НИШТО ДА ТИ СЕ СЛУЧИ



КОГА СЕ РАБОТИ ЗА ЛУЊИ, НЕМА ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЗАШТИТА ОД ОСТАНУВАЊЕ НА ЗАТВОРЕНО ВО ТВРДА ГРАДБА ПОДАЛЕКУ ОД ПРОЗОРЦИ.



## АКО ДУВА ТОЛКУ СИЛНО ШТО НАОКОЛУ СÈ СЕ МАТИ, ПОДАЛЕКУ СТОЈ ОД ДРВОТО ШТО СЕ КЛАТИ



КРШЕЊЕТО ДРВЈА И ГРАНКИ Е ЧЕСТА ПРИЧИНА ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ШТЕТА И ЖРТВИ КОГА ИМА ГОЛЕМА ЛУЊА И СИЛНИ ВЕТРИШТА.

# ЗА ЗЕМЈОТРЕСОТ



ЗЕМЈАТА Е СЕКОГАШ МИРНА
КОГА ЧЕКОРИМЕ ПО ТЛОТО,
ТАА НИ ДАВА СИГУРНОСТ И СИЛА ДА
ТРЧАМЕ БРЗО КОН ВРВОТ ОД ДНОТО



НО ПОСТОЈАТ ДЕНОВИ ИЛИ НОЌИ
КОГА ТАА ЌЕ СЕ РАЗМРДА КРАТКО И
ТИЕ СЛУЧАИ ИАКО РЕТКИ, ДА СЕ
ДОЖИВЕАТ НЕ Е ВООПШТО СЛАТКО



БИ САКАЛЕ ОВА ДА НЕ БЕШЕ ТАКА
НО ЕТЕ НЕКОГАШ СЕ СЛУЧУВА
ЗАТОА Е ДОБРО КАКО ОД РАКА
ДА ЗНАЕМЕ ШТО СЕ ОДЛУЧУВА



НЕ ТРЧАЈ, НЕ ПАНИЧИ, СКРИЈ
СЕ ПОД ВРАТА, МАСА ИЛИ ШКАФ,
НЕ ОДИ ПО СКАЛИ И ЛИФТОВИ,
ПУШТИ НЕКА ПОМИНЕ ТОЈ СТРАВ



## КОГА ЗЕМЈАТА СИЛНО СЕ ТРЕСЕ, ЗАСТАНИ ПОКРАЈ ВРАТА И БИДИ ВНИМАТЕЛЕН



НАЈВАЖНОТО НЕШТО ШТО МОРА ДА ГО ЗНАЕМЕ ВО ВРСКА СО ЗЕМЈОТРЕСИТЕ Е ДА НЕ ПАНИЧИМЕ. КРИЕЊЕТО ПОД КАСА ОД ВРАТА ИЛИ ЗАСТАНУВАЊЕТО ПОКРАЈ СТОЛБ ДАВА НАЈДОБРА ШАНСА ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ДА ИЗЛЕЗЕМЕ НЕПОВРЕДЕНИ.



ЗА ЗЕМЈОТРЕС БЕСЕН КОГА ЌЕ СТАСА
ЗНАЈ ДЕКА НАЈДОБРО Е ДА СЕ СКРИЕШ
ПОД КЛУПА ИЛИ МАСА



ЗАШТИТУВАЊЕТО НА ГЛАВАТА Е ПРИОРИТЕТ,
А ДОКОЛКУ ВРАТАТА НИ Е ДАЛЕКУ, ДОБРА ОДЛУКА Е ДА СЕ КРИЕМЕ ПОД МАСА, КЛУПА ИЛИ КАКОВ И ДА Е МЕБЕЛ ШТО МОЖЕ ДА НÈ ЗАШТИТИ.



## КОГА ИМА ЗЕМЈОТРЕС, КОЛКУ И ДА Е МАЛ, СТОЈ ПОДАЛЕКУ ОД РАБОТИ ШТО МОЖЕ ВРЗ ТЕБЕ ДА ПАДНАТ



ОСВЕН ТОА ШТО ТРЕБА ДА ИЗБЕГНУВАМЕ НЕСТАБИЛНИ И КРШЛИВИ ПРЕДМЕТИ, ВАЖНО Е ДА ЗНАЕМЕ ДЕКА НЕ СМЕЕМЕ ДА КОРИСТИМЕ ЛИФТ ВО СЛУЧАЈ НА ЗЕМЈОТРЕС, А ДОБРО Е И ДА ГИ ИЗБЕГНУВАМЕ СКАЛИТЕ.

# ЗА СООБРАЌАЈОТ



СОООБРАЌАЈОТ Е ОНА ВО КОЕ
СЕКОЈ Е ВКЛУЧЕН
ШТОМ ИЗЛЕЗЕ ОД ДОМА:
СТАР, МЛАД, ВРЕДЕН, УЧЕН...



ПОДАЛЕКУ, ПОБРЗО,
НА ВЕЛОСИПЕД ИЛИ ПЕШКИ,
НЕКОИ ПАТИШТА СЕ ПОЛЕСНИ,
НЕКОИ ПОТЕШКИ



КАКО ДА СЕ ДВИЖИ, ЗА СЕКОГО ИМА
ПРАВИЛА, ДАЛИ ВОЗИ ВОЗ, АВИОН ИЛИ
ЈАВА НА КАМИЛА, КОГА ДА ЗАСТАНЕ, ДА
ПРОПУШТИ, КАДЕ ДА ПОМИНЕ И НА КАЈ ДА
ПОГЛЕДНЕ И КОГО ДА ОДМИНЕ



ПРАВИЛНО УЧЕСТВО ВО СООБРАЌАЈ
МНОГУ Е ВАЖНО ДА СЕ ЗНАЕ
КОГА НЕКОЈ НЕ ВНИМАВА
ОСТАНУВА САМО ДА СЕ КАЕ



## ВО АВТОМОБИЛ ШТОМ ВЛЕЗЕШ,
## НЕ ЗАБОРАВАЈ ПОЈАСОТ ДА ГО ВРЗЕШ



ДЕЦАТА ТРЕБА СЕКОГАШ ДА БИДАТ ВРЗАНИ ВО АВТОМОБИЛ, А ДОКОЛКУ СЕ ПОМАЛИ ОД 12 ГОДИНИ, ДА БИДАТ И ВО СОПСТВЕНО СЕДИШТЕ. ТИЕ СЕ ПОЛЕСНИ И КОЛКУ СЕ ПОМАЛЕЧКИ, ПОБАВНО РЕАГИРААТ, ТАКА ШТО ВЕРОЈАТНОСТА ДА СЕ ПОВРЕДАТ И ПРИ НАЈМАЛ СУДАР Е ДАЛЕКУ ПОГОЛЕМА ОД ОНАА КАЈ ВОЗРАСНИТЕ.



НЕ Е ДОВОЛНО САМО ДА ВНИМАВАШ ДАЛИ НА СЕМАФОР Е ЗЕЛЕНО,
КОГА ПОМИНУВАШ УЛИЦА, ПОГЛЕДНИ СЕКАДЕ УБАВО,
ПА ПОМИНИ СМИРЕНО



ВО НАШАТА ЗЕМЈА ГОЛЕМ БРОЈ ПЕШАЦИ ГО ГУБАТ СВОЈОТ ЖИВОТ ПРИ ПРЕМИНУВАЊЕ УЛИЦА. ЗАТОА Е ДОСТА ВАЖНО ДА СЕ ПОГЛЕДНЕ ПОВЕЌЕ ПАТИ НА ДВЕТЕ СТРАНИ ПРЕД ПОМИНУВАЊЕ, ДУРИ И КОГА СМЕ НА СЕМАФОР ИЛИ ПЕШАЧКИ ПРЕМИН.



# КОГА НОЌЕ ПО УЛИЦА ТИ СЕ ДВИЖИШ ИЛИ ШЕТАШ, НОСИ СО СЕБЕ СВЕТЛО ИЛИ РЕФЛЕКТИВНА ЛЕНТА



ВИДЛИВОСТА НОЌЕ Е МНОГУ ВАЖЕН ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ДЕЦАТА ВО СООБРАЌАЈОТ. РЕФЛЕКТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ МОЖЕ ДА СЕ НАЈДАТ НА ОДРЕДЕНИ ДЕТСКИ ЈАКНИ ИЛИ ПАНТАЛОНИ. СЕПАК, ПОЖЕЛНО Е ДЕЦАТА ДА НОСАТ СО СЕБЕ ДОДАТНИ РЕФЛЕКТИВНИ АЛКИ ИЛИ ПРЕДМЕТИ КОГА ИЗЛЕГУВААТ САМИ НА УЛИЦА.



## И НЕ ЗАБОРАВАЈ КОГА СЕ ВОЗИШ И ЗИМЕ И ЛЕТЕ,
## СО КАЦИГА И ШТИТНИЦИ ДА БИДЕШ БЕЗБЕДНО ДЕТЕ



ЗАШТИТАТА НА ГЛАВАТА КАЈ ДЕЦАТА КОГА ВОЗАТ ВЕЛОСИПЕД ИЛИ РОЛЕРИ Е ПРИОРИТЕТ ШТО НЕ ТРЕБА ДА ГО ЗАНЕМАРИМЕ. ДЕЦАТА СÈ СЕУШТЕ ВО РАЗВОЈ И ПОЛЕСНО ГУБАТ РАМНОТЕЖА И ПОЧЕСТО РЕАГИРААТ НЕПРЕДВИДЛИВО. ПОВРЕДИТЕ НЕ МОЖАТ СЕКОГАШ ДА СЕ ИЗБЕГНАТ, НО МОЖАТ ДА СЕ УБЛАЖАТ.





# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА

Ние сме **првата осигурителна компанија** во државата.
Постоиме уште од 1945 година, а низ годините бевме познати како ДОЗ, ЗОИЛ и КЈУБИ.

Денес „Осигурување Македонија“ а.д. Скопје е дел од Vienna Insurance Group (VIG) – успешна европска групација.

Она што нè издвојува од конкуренцијата е:

- нашето искуство и експертиза,
- квалитетното осигурително покритие,
- навремена исплата на штети.

Услугите што ги нудиме се во рамките на **неживотното осигурување за физички и правни лица**:

- Имотни осигурувања
- Осигурување на лица од незгода (несреќен случај)
- Осигурување на моторни возила
- Осигурување транспорт
- Осигурување одговорност
- Патничко осигурување



**Ве очекуваме во нашата добропозната деловна зграда во Скопје или во нашите подружници насекаде низ државата.**

**Нашите агенти, застапници и брокери се постојано на терен, достапни за сите ваши потреби за осигурување.**

75 ГОДИНИ

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

ЗНАМ КОГА СУМ СИГУРЕН